Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЕКСТЕРНИТЕ ИСПИТИ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА 2023/2024 ГОДИНА

**Државен испитен центар**

**Автори:**

д-р Бети Ламева

м-р Тања Андонова Митревска

м-р Трајанка Аврамоска Давидова

Наим Демири

**Обработка на податоци:**

Билјана Коцева

**Лектура:**

Сања Јосифовска

# Содржина


Вовед ..... 5

Институции, органи и тела одговорни за реализација на државната матура ..... 8

Структура на државната матура ..... 10

Подготовка и реализација на државната матура ..... 11

Општи информации за испитите во рамките на државната матура 2023/2024 ..... 14

Што се проверува со екстерните испити? ..... 23

Македонски јазик и литература/Албански јазик и литература/Турски јазик и литература ..... 23

Англиски јазик ..... 24

Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик ..... 24

Математика ..... 25

Филозофија ..... 26

Естетика ..... 26

Резултати од анализата на психометриските карактеристики на задачите во јунските тестови за екстерните испити од државната матура 2023/2024 ..... 28

Македонски јазик и литература ..... 28

Албански јазик и литература ..... 31

Турски јазик и литература ..... 33

Англиски јазик ..... 38

Германски јазик ..... 41

Француски јазик ..... 42

Руски јазик ..... 43

Математика ..... 43

Филозофија ..... 47

Естетика ..... 48

Заклучни согледувања и препораки ..... 50

# Вовед

Државната матура во учебната 2023/2024 година се реализираше согласно ***Концепцијата за државна матура, училишна матура и за завршен испит во јавното средно образование***. Во овој Извештај се претставени добиените резултати од испитите и се дадени препораки со цел подобрување на државната матура во иднина. Резултатите од овие испити не само што ги одразуваат постигањата на учениците, туку служат и како важна информација за подобрување на образовниот систем во Р С. Македонија.

Во овој Извештај покрај претставените резултати од екстерните испити во државната матура истакнати се и импликациите за планирање на политиките во образованието и за преземање мерки за подобрување на учењето и оценувањето во иднина.

Одговорна институција за спроведување на државната матура е Државниот испитен центар.

**Во постоечкиот Закон за средното образование,** испитите на крајот на четиригодишното средно образование се пропишани во:

- членот 33: „учениците во гимназиското образование полагаат државна матура или училишна матура“;
- членот 35: „по завршувањето на јавното стручно образование со четиригодишно траење, учениците полагаат државна матура или завршен испит“;
- членот 37: „учениците кои ја завршиле последната година во јавното уметничко образование полагаат државна матура или училишна матура според утврдени испитни програми“.

Во **Законот за високото образование,** членот 108, се регулираат условите и начинот на запишување студии, односно: „на прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура“.

Испитите од државната матурата детално се регулирани во ***Концепцијата за државна матура, училишна матура и за завршен испит во јавното средно образование*.** Првата Концепција донесена во 2005 година од министерот за образование и наука претставува првиот официјален документ во кој се дефинирани моделите на испити на крајот од средното четиригодишно образование. Овој документ е менуван и дополнуван во насока на негово подобрување. Во периодот од 2008 до 2012 година државната матура се реализираше со два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача, а потоа се зголеми бројот на екстерните испити, односно се реализираа три екстерни испити, еден интерен и проектна задача.

Присуството на пандемијата КОВИД-19 и реализацијата на настава од далечина поттикнаа донесување измени на **Концепцијата** со кои се пропиша државната матура да се реализира со два екстерни испити, два интерни испити и проектна задача според кои се реализираше државната матура и во учебната 2023/2024 година.

Со ***Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование*** се регулира начинот на полагање и оценување на постигањата на учениците на испитите од државната матура во гимназиското образование, стручното образование со четиригодишно траење и во уметничкото образование . Во членот 2 од овој документ е пропишано кој може да полага државна матура, односно: „Државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование (во натамошниот текст: државна матура) е испит со кој ученикот (во натамошниот текст: кандидатот) го завршува гимназиското, стручното или уметничкото образование. Државна матура може да полага кандидат кој ја завршил последната година на гимназиското, стручното, односно уметничкото образование. Државна матура може да полага и кандидат кој претходно положил училишна матура во гимназиското образование или училишна матура во уметничкото образование или завршен испит во стручното образование, но не во истата учебна година. Државна матура може да полага и кандидат кој полагал матура во рамките на програмата за меѓународна матура или друг вид завршен испит во средното образование со четиригодишно траење. Државна матура може да полага и кандидат кој завршил четиригодишно средно образование во странство и се здобил со нострифицирана диплома.“ Во овој документ е регулирано дека проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите на задолжителните и изборните екстерни испити од државната матура се вршат екстерно со надворешни оценувачи.

Значењето и улогата на државната матура се појаснети и во ***Стратегијата за образование 2018 – 2025,*** поточно во алинејата 94, во која стои: „Со државната матура се очекува да се обезбеди контрола на квалитетот во средното образование, следење на реализацијата на наставните програми, заокружување на средното образование со соодветна диплома и да ја помогне селекцијата за универзитетско образование.“

Во ***Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Македонија*** (2019 година), државната матура е оценета со највисоки оценки. Секако дадени се и препораки за подобрување, имајќи ги предвид светските трендови за ваков тип мерење и наставните планови и програми во јавното средно образование во РСМ. На меѓународно ниво, математиката, заедно со читањето и пишувањето, се сметаат за основни компетенции кои учениците треба да ги совладаат на училиште и области каде што информациите за успехот на учениците се користат при селекцијата на универзитетите.

Во ***Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Македонија*** дадени се следниве препораки за ревидирање на

поставеноста на матурата со цел да се добијат поцелисходни резултати по клучните предмети:

- математиката да стане задолжителен предмет за да се мотивираат сите ученици да ја совладаат основната математика, а факултетите да можат да носат информирани одлуки при селекцијата на учениците за математика или други сродни програми;
- создавање две верзии за испитот по математика, на основно и напредно ниво, со цел да се обезбеди валидација на математичките знаења која ќе им користи на учениците. Оние ученици кои сакаат да продолжат да изучуваат математика на повисоко ниво треба да имаат опција да изучуваат понапредни концепти, да се усовршуваат и да напредуваат;
- да се разгледа можноста за натамошно зголемување на бројот на основни предмети што се оценуваат заради подобро совпаѓање помеѓу опсегот на предмети што се изучуваат и оние што се оценуваат;
- надворешно оценување на сите предмети за да се зголеми вредноста на предметите кои претходно биле внатрешно оценувани и севкупно да се подобри веродостојноста на резултатите од матурата;
- стандардизација на проектните задачи, на пример: преку ограничување на темите и форматот, давање примери онлајн за прифатливи проектни задачи и насоки како училишниот кадар да ги надгледува и оценува проектите.

Во однос на овие препораки дадени од ОЕЦД, во 2020 година Државниот испитен центар ја ревидираше испитната програма за проектната задача.

Исто така во Извештајот е нотирано дека со сегашната поставеност на матурата, каде што предметите за стручно образование и обука се оценуваат на ниво на училиште, учениците кои посетуваат четиригодишно стручно образование не матурираат со диплома преку надворешно оценување во нивната струка. Тоа значи дека на учениците од стручното образование им недостасува целисходно признавање на нивните стручни вештини и дека резултатите од стручното образование не се вреднуваат со надворешно потврдување. Поради тоа препорака во Извештајот е да се зајакне компонентата за стручно образование, преку надворешно потврдување на постигнувањата на ученикот по предметите од стручното образование и поврзување на резултатите со сертификати признаени од работодавачите. Ова би можело да се оствари преку вклучување на работодавачи или стручни здруженија во оценувањето на учениците за стручните предмети.

Основа на имплементација на поголемиот дел од дадените препораки се промената на Законот за средно образование и носењето на нова Концепција за испити на крајот на средното образование. Министерството за образование и наука го има отпочнато процесот на носење нов закон за средно образование кој треба да биде основа за сите промени понатаму.

## Институции, органи и тела одговорни за реализација на државната матура

**Државниот испитен центар**, согласно законските надлежности, е одговорна институција за реализација на државната матура и ги реализира следните активности:

- прибира податоци за кандидатите пријавени за полагање државна матура;
- изготвува тестови како мерни инструменти за сите екстерни испити;
- технички ги дизајнира тестовите за екстерните испити;
- реализира процес на печатење и пакување на испитниот материјал;
- распишува конкурс и прави избор на оценувачи на тестовите за екстерните испити од државната матура;
- реализира обука за оценувачите на тестовите;
- именува локални координатори и тестатори;
- реализира обуки за претседателите и секретарите на училишните матурски комисии, локалните координатори и тестаторите;
- подготвува „Водич за полагање државна матура“ и „Упатство за тестаторите за спроведување на државната матура“;
- го доставува испитниот материјал до училиштата и го презема по спроведувањето на испитите;
- ги подготвува и ги спроведува екстерните испити од државната матура;
- го организира и спроведува процесот на оценување на тест-книшките;
- врши внес на резултатите од тестовите;
- го организира и го спроведува процесот на приговори за екстерните испити од државната матура;
- изготвува анализа за психометриските карактеристики на тестовите како мерни инструменти за екстерните испити од државната матура;
- прави статистичка обработка на резултатите;
- ги доставува резултатите до училиштата;
- подготвува извештај за спроведена државна матура во тековната учебна година година.

Согласно Концепцијата, директорот на Државниот испитен центар, формира **Државна матурска предметна комисија** за секој од предвидените екстерни испити. Државната матурска предметна комисија е составена од претседател и најмалку два члена. Претседателот, по правило, е од редот на наставно-научниот кадар од универзитетите во РСМ, еден од членовите е советник во ДИЦ, а другите членови се средношколски наставници од соодветниот наставен предмет. Секоја државна предметна матурска комисија ги има следниве задачи:

- да го подготви материјалот за испитот (одреден број испитни задачи, стандардизирани тестови на знаење според кои ќе се проверуваат знаењата и способностите на учениците);
- да подготви упатство за оценување на задачите;
- да учествува во определувањето на прагот на положеност на испитот и утврдувањето на границите на оценките од 1 до 5.

Во  училиштата се формираат **училишни матурски комисии** кои во соработка со ДИЦ ги реализираат предвидените активности **како што се организацијата и спроведувањето на екстерните испити.** Секоја училишна матурска комисија (УМК) е составена од претседател, заменик-претстедател, секретар и членови. УМК може да има поголем број членови доколку училиштето изведува настава на повеќе наставни јазици, изведува настава во повеќе различни објекти или училиштето има подрачни училишта. По правило, претседател е директорот на училиштето и тој се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и севкупната организација на државната матура во училиштето.

Значајна улога во организација на државната матура има секретарот на УМК и неговите главни задачи се: прибирање пријави од кандидатите, внес на податоците од пријавите на кандидатите во базата на податоци, верификација на податоците од пријавените кандидати (со другите членови на УМК), обезбедување просторни услови (со претседателот на УМК), учество при прием и проверка на испитниот материјал (со претседателот на УМК).

Министерот за образование и наука го формира **Државниот матурски одбор** и ова тело е одговорно да:

- ги разгледува документите за организирање и спроведување на државната матура;
- ги разгледува годишните извештаи за спроведените матурски испити во гимназиското, стручното и уметничкото образование;
- предлага прагови на положеност до министерот за образование и наука за испитите кои се полагаат екстерно;
- врши други работи кои се во функција на унапредување на државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование.

Членови во ДМО се претставници од ДИЦ, МОН, БРО и универзитетите.

## Структура на државната матура

Во учебната 2023/2024 година, согласно ***Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование***, матурантите полагаат: два екстерни, два интерни испити и проектна задача. Поконкретно, според видот на образованието, следува структурата на државната матура:

**Гимназиско образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература;
   - еден изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик или Германски јазик или Руски јазик).
2. Интерен дел
   - два изборни наставни предмети: се бираат од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура.
3. Проектна задача

**Четиригодишно средно стручно образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература;
   - еден изборен наставен предмет: Математика или странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик или Германски јазик или Руски јазик).
2. Интерен дел
   - еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура;
   - еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура.
3. Проектна задача

**Уметничко образование**

1. Екстерен дел
   - задолжителен наставен предмет: Македонски јазик и литература или Албански јазик и литература или Турски јазик и литература;
   - изборен наставен предмет: странски јазик (Англиски јазик или Француски јазик или Германски јазик или Руски јазик) или Филозофија/Естетика.
2. Интерен дел

- еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на општообразовни наставни предмети за полагање државна матура;
- еден изборен наставен предмет: се бира од Листата на стручни наставни предмети за полагање државна матура.

3. Проектна задача

## Подготовка и реализација на државната матура

Подготовката на екстерните испити е детално опишана во документот ***Процедури за реализација на државната матура,*** кој е донесен од директорот на ДИЦ.

Испитниот материјал за екстерните испити се изготвува согласно пропишана стандардизирана постапка. Содржината на тестовите се темели на утврдени испитни програми, кои, пак, се базираат на наставните програми од прва до четврта година, според кои се реализира редовната настава во средните училиштата.

***Испитните програми*** се документи од јавен карактер од коишто училиштата, наставниците, учениците, родителите и сите други заинтересирани лица можат да ги добијат следните информации:

- која е општата цел на секој матурски испит,
- кои содржини се опфатени со испитот,
- кои се минимум потребните знаења за да се положи испитот,
- каква е структурата на тестот,
- на кое тежинско ниво се поставуваат прашањата во тестот,
- колкава е процентуалната застапеност на темите и содржините во тестот,
- опис на испитот и начин на оценување на постигањата на учениците.

Во овие документи, испитни програми, се дефинирани подрачјата и темите кои се појдовна основа за изготвување на испитните прашања и задачи. Согласно спецификациската шема, која се содржи во испитната програма, се одредува бројот на прашања и задачи со кои се проверуваат знаењата и способностите на учениците од конкретни подрачја/теми/содржини. Процесот на подготовка (составување) на испитните прашања и задачи го координираат советници (за соодветен екстерен испит) од Државниот испитен центар, кои истовремено се и членови на ДМПК.

По фазата на изготвување на испитните прашања и задачи и на тестовите (за екстерниот испит по мајчините јазици се пристапува кон усогласување на тестовите),

следи превод, лектура, уредување, печатење, шифрирање и пакување. Одговорните лица од Државниот испитен центар во секоја од наведените фази ги почитуваат стандардните постапки пропишани во *Процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура.*

Во државната матура, екстерните испити се полагаат согласно утврдена структура и начин опишани во *Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование* и *Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование*.

Оваа учебна година државната матура првпат беше организирана во голем простор, па следствено на тоа се направија и промени во *Процедурите за реализација на државната матура* кои се однесуваат на овој дел.

По добивање на податоците за кандидатите кои се пријавиле да полагаат државна матура од секретарите на училишните матурски комисии (УМК) се пристапува кон внес на податоците според кои Државниот испитен центар креира протоколи, односно распоред на полагање по предмети, простории и кандидати.

Согласно *Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта за учебната 2023/2024 година* сите пријавени ученици – матуранти од нашата држава, екстерните испити ги полагаат на ист датум и во исто време. Организирањето и спроведувањето на испитите се одвива според јасно утврдени правила и процедури. УМК го обезбедува и го уредува просторот за полагање во соработка со ДИЦ. Растојанието меѓу кандидатите треба да биде 1,5 m.

На денот на испитот УМК е должна да:

- обезбеди простор за мобилните телефони на тестаторите и набљудувачите;
- одреди лица од  редот на вработените во училиштето на секој влез со цел да ги спроведат кандидатите до испитната просторија;
- го прими испитниот материјал од ДИЦ;
- ги идентификува тестаторите (во 8:30 часот) и ги задолжува со испитниот материјал (ќесичка со тестови и коверт со формулари). Потоа претседателот на УМК ги запознава тестаторите со распоредот/групирањето на испитните простории во големиот простор, односно која испитна просторија во кој голем простор е распоредена, па тестаторите се упатуваат кон нивната испитна просторија;
- им нареди на дежурните лица во 9:00 часот да ги отворат вратите и да ги спроведат кандидатите до испитните простории;
- сигнализираат кратко ѕвонење на ѕвоно (прво) во 10:00 часот;
- сигнализираат кратко ѕвонење на ѕвоно (второ) во 10:15 часот.

**Обврските на тестаторите на денот испитот се да:**

- бидат најдоцна во 8:30 часот во училиштето во кое се назначени;
- ја спроведат идентификацијата на кандидатите за кои се задолжени откако секој од нив ќе се смести на своето место за полагање;
- ги поделат тестовите на кандидатите според обележаните места за полагање на кандидатите. Делењето на тестовите и потпишувањето на кандидатите во Протоколот треба да заврши пред првото ѕвонче (во 10:00 часот);
- ја спроведуваат постапката за предавање на тестот на знак на кандидатот (ИСКЛУЧИВО со кревање рака).

За кандидатите со посебни образовни потреби, во зависност од потребното прилагодување, се обезбедуваат дополнителни услови согласно прописите. Целокупниот испитен материјал се печати и пакува во ДИЦ.

На денот на испитот, ДИЦ најдоцна до 8:00 часот го доставува испитниот материјал (тестови, резервни тестови, баркодови, распоред на тестатори по простории) до секоја Училишна матурска комисија. Екстерните испити се полагаат во испитни простории (училници) за кои се одредени тестатори кои се одговорни за почитување на предвидените правила. Согласно бројот на потребни тестатори, секое училиште до ДИЦ пријавува листа на вработени (од редот на вработените наставници и стручни соработници). Изборот на тестаторите се прави според однапред утврдени критериуми. За тестатор не може да биде назначено лице за наставниот предмет кој го предава, а е екстерен испит на денот на испитот кога е назначен за тестатор, ниту, пак, во училиштето во кое работи. Внесот на тестаторите се реализира електронски во посебно изготвен модул, со кој се врши и автоматска распределба на тестаторите по училишта и по испитни простории, креирање решенија и нивна дистрибуција.

И за учебната 2023/2024 година, како и во претходната година, тестовите за екстерните испити за ***државната матура*** се подготвуваа според скратени испитни програми подготвени од Бирото за развој на образованието.

Почетокот на сите екстерни испити беше во 10:00 часот, но имаа различно времетраење кое е пропишано согласно испитната програма (испитите по мајчините јазици оваа испитна сесија траеја 210 минути, по странските јазици и Математика – 180 минути, а испитите по Филозофија и Естетика по 150 минути).

Екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок се реализираа на:

- 1.6.2024 година – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература;
- 8.6.2024 година – Математика, Англиски јазик, Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик, Филозофија и Естетика.

Додека пак, екстерните испити од државната матура во августовскиот испитен рок се реализираа на:

- 12.8.2024 година – Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература;

  14.8.2024 година – Математика, Англиски јазик, Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик, Филозофија и Естетика.

По реализацијата на државната матура и по објавувањето на резултатите на учениците, Државниот испитен центар го реализираше процесот на приговори и увид во тест-книшките.

По завршување на сите фази од реализацијата на државната матура, се пристапува кон анализа на психометриските карактеристики на тестовите со цел утврдување колку тие како мерни инструменти измериле знаења и способности кај учениците.

Координаторите за екстерните испити (ДИЦ) ги информираат членовите на државните предметни матурски комисии (изготвувачите на прашања и задачи) и оценувачите за резултатите од направената анализа со цел давање насоки како да го подобрат квалитетот на испитните задачи и како да се обезбеди поголема стандардизација на тестовите. Тие се претставени во посебно поглавје на овој Извештај.

## Општи информации за испитите во рамките на државната матура 2023/2024

ДИЦ, како и претходните години, согласно Планот и процедурите за организирање и спроведување на државната матура ја реализираше државната матура навремено и успешно и во учебната 2023/2024 година.

Во јунскиот испитен рок, во рамките на државната матура 2023/2024 година се пријавија да полагаат вкупно 14834 ученици/матуранти, од кои 6341 од гимназиското образование, 8230 ученици од стручното образование и 263 ученици од уметничкото образование. Од вкупниот број на пријавени матуранти според наставен јазик 10182 се од македонски наставен јазик, 4334 од албански наставен јазик и 318 од турски наставен јазик. Во споредба со минатата година, забележано е намалување на вкупниот број на кандидатите за полагање државна матура за 5 %. Притоа има благо опаѓање на бројот на матуранти од секој тип на образование.

Табела 1: Број на пријавени кандидати за екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (испит) | Бр. на пријавени кандидати | Бр. на присутни кандидати | Бр. на отсутни кандидати | Отсутни кандидати во % |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 10089 | 9881 | 208 | 2,06 |
| Албански јазик и литература | 4189 | 4008 | 181 | 4,32 |
| Турски јазик и литература | 315 | 304 | 11 | 3,49 |
| Англиски јазик | 13198 | 12750 | 448 | 3,39 |
| Француски јазик | 37 | 34 | 3 | 8,11 |
| Германски јазик | 104 | 102 | 2 | 1,92 |
| Руски јазик | 2 | 2 | 0 | 0,00 |
| Математика | 1356 | 1342 | 14 | 1,03 |
| Филозофија | 1 | 1 | 0 | 0,00 |
| Естетика | 84 | 79 | 5 | 5,95 |
| **Вкупно** | **29375** | **28503** | **872** | **2,97** |

Од пријавените кандидати, 872, односно 2,97 % биле отсутни на денот на спроведувањето на испитите во јунскиот испитен рок. Дел од овие кандидати се оние кои се предомислиле за полагање на државната матура, односно се префрлиле да полагаат училишна матура или завршен испит, или се вонредни кои не ја завршиле последната година од четиригодишното средно образование навремено. Појавата на отсутни кандидати се повторува години наназад и претставува предизвик за кој треба да се најде решение затоа што Државниот испитен центар подготвува испитни материјали за сите пријавени кандидати, што значи дека се трошат непотребно финансиски средства, а секако и човечки ресурси.

Имајќи предвид колку екстерни испити полага секој пријавен матурант, вкупно беа испечатени и спакувани 30 000 тест-книшки за јунскиот испитен рок. За секој екстерен испит посебно беше испечатен и спакуван резервен испитен материјал (околу 10 % од основниот број), односно вкупно испечатени и спакувани беа 33000 тест-книшки.

Табела 2: Процент на матуранти по вид на образование кои на интерно ниво избрале да полагаат предмет од листата на понудени предмети за државна матура

| Интерен предмет | Вид на образование | | |
|---|---|---|---|
| | гимназиско | стручно | уметничко |
| Математика | 3,36 | 3,68 | / |
| Англиски јазик | 3,11 | 5,85 | 34,36 |
| Француски јазик | 0,08 | / | 0,88 |
| Германски јазик | 0,21 | / | 1,32 |
| Руски јазик | 0,01 | / | / |
| Физика | 4,86 | 4,29 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Хемија | 5,81 | 6,59 | / |
| Биологија | 16,53 | 29,54 | / |
| Историја | 14,95 | 46,53 | 35,24 |
| Филозофија | 16,61 | / | 0,44 |
| Социологија | 13,97 | / | / |
| Географија | 10,65 | / | / |
| Информатика | 5,65 | / | / |
| Класични јазици | 0,22 | / | / |
| Ликовна уметност | 2,83 | / | / |
| Музичка уметност | 1,08 | / | / |
| Македонски јазик и литература за учениците кои наставата ја следат на албански или на турски јазик | 0,07 | / | / |
| Бизнис | / | 3,52 | / |
| Естетика | / | / | 27,75 |

Најголем процент на матуранти од гимназиското образование интерно избрале да полагаат Филозофија, па Билогија, а најмалку Руски јазик. Додека пак, од стручното образование скоро половина од матурантите на интерно ниво избрале да полагаат Историја, па околу третина Биологија. Сепак треба да имаме предвид дека предметите кои матурантите ги полагале на екстерно ниво, не може да ги полагаат на интерно ниво, како и дека не можат да изберат да полагаат два странски јазици. Успехот на учениците на предметите кои ги има во листата на предмети што може да се бираат и на интерно и на екстерно ниво е повисок на интерно ниво, што е и за очекување, затоа што тестовите ги подготвуваат наставниците од училиштето каде што учат матурантите и тие ги прегледуваат.

Во учебната 2023/2024 година со диплома за државна матура се здобиле вкупно 13396 матуранти, од кои 9424 матуранти кои следеле настава на македонски јазик, 3689 на албански јазик и 283 на турски јазик. Со училишна матура се здобиле вкупно 612 матуранти, од кои 309 на македонски јазик, 295 на албански јазик и 8 на турски јазик. Додека, пак, со диплома за завршен испит се здобиле вкупно 3048 матуранти, од кои 2109 на македонски јазик, 893 на албански јазик и 46 на турски јазик.

Без диплома во учебната 2023/2024 останале 694 матуранти, од кои 395 на македонски наставен јазик, 260 на албански наставен јазик и 39 на турски наставен јазик.

Табела 3: Дистрибуција на оценки по екстерни испити од државната матура во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 579 | 5,86 | 1248 | 12,63 | 3376 | 34,17 | 3966 | 40,14 | 712 | 7,21 | 3,30 |
| Албански јазик и литература | 167 | 4,17 | 337 | 8,41 | 1058 | 26,40 | 1993 | 49,73 | 453 | 11,30 | 3,56 |
| Турски јазик и литература | 23 | 7,57 | 39 | 12,83 | 114 | 37,50 | 120 | 39,47 | 8 | 2,63 | 3,17 |
| Англиски јазик | 1817 | 14,25 | 2243 | 17,59 | 3517 | 27,58 | 3679 | 28,85 | 1494 | 11,72 | 3,06 |
| Француски јазик | 3 | 8,82 | 0 | 0,00 | 2 | 5,88 | 2 | 5,88 | 27 | 79,41 | 4,47 |
| Германски јазик | 3 | 2,94 | 7 | 6,86 | 9 | 8,82 | 17 | 16,67 | 66 | 64,71 | 4,33 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 100,0 | 5,00 |
| Математика | 77 | 5,74 | 179 | 13,34 | 283 | 21,09 | 298 | 22,21 | 505 | 37,63 | 3,73 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,0 | 0 | 0,00 | 4,00 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6,33 | 19 | 24,05 | 55 | 69,62 | 4,63 |
| Вкупно | 2669 | 9,36 | 4053 | 14,22 | 8364 | 29,34 | 10095 | 35,42 | 3322 | 11,65 | 3,26 |

При споредување на средните оценки по екстерните испити по предмети од државната матура, среден успех над 4 се забележува кај предметите кои ги полагале мал број матуранти, односно на испитите по Руски јазик (5,00), Естетика (4,63), Германски јазик (4,33), Француски јазик (4,47), Филозофија (4,00). Високите постигања на испитите по Германски јазик и Француски јазик се должат на фактот што најголемиот број од учениците кои се пријавиле да ги полагаат овие испити се дел од билингвалните паралелки, односно од паралелките во училиштата во кои наставата се реализира на германски, односно француски јазик. Странскиот јазик во наставните планови по кои учат тие ученици е застапен од 4 до 7 часа неделно.

Во јунскиот испитен рок од вкупниот број пријавени кандидати кои полагале 8216 се девојчиња и 7404 се момчиња.

Табела 4: Просечни постигања на кандидатите во јунската сесија по пол и екстерен испит од државната матура во јунскиот испитен рок

| Наставен предмет (екстерен испит) | Женски | | Машки | |
|---|---|---|---|---|
| | **Број на кандидати кои полагале** | **Средна оценка** | **Број на кандидати кои полагале** | **Средна оценка** |
| Македонски јазик и литература | 5243 | 3,5 | 4638 | 3,08 |
| Албански јазик и литература | 2279 | 3,75 | 1730 | 3,30 |
| Турски јазик и литература | 159 | 3,23 | 145 | 3,10 |
| Англиски јазик | 6923 | 3,26 | 5827 | 2,83 |
| Француски јазик | 19 | 4,84 | 15 | 4,00 |
| Германски јазик | 76 | 4,25 | 26 | 4,58 |
| Руски јазик | 2 | 5,0 | 0 | 0 |
| Математика | 655 | 3,91 | 687 | 3,55 |
| Филозофија | 1 | 4,0 | 0 | 0 |
| Естетика | 31 | 4,48 | 48 | 4,73 |

На сите екстерни испити девојчињата имаат постигнато подобри просечни постигања од момчињата, освен на испитот по Естетика.

Во четирите табели кои следуваат, се дадени просечните постигања на учениците и дистрибуцијата на оценки по предмет и вид на образование.

Табела 5: Просечен процент на решеност на тестот по вид на образование и предмет

| Наставен предмет (екстерен испит) | Гимназиско | | Стручно | | Уметничко | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. на пријавени кандидати** | **Просечен процент на решеност** | **Бр. на пријавени кандидати** | **Просечен процент на решеност** | **Бр. на пријавени кандидати** | **Просечен процент на решеност** |
| Македонски јазик и литература | 4311 | 66,24 | 5340 | 56,95 | 230 | 56,32 |
| Албански јазик и литература | 1662 | 67,72 | 2326 | 63,44 | 20 | 61,76 |
| Турски јазик и литература | 180 | 59,83 | 124 | 55,32 | / | / |
| Англиски јазик | 5015 | 64,7 | 7570 | 55,57 | 165 | 61,73 |
| Германски јазик | 94 | 82,86 | 26 | 86,45 | / | / |
| Француски јазик | 30 | 89,69 | 4 | 71,54 | / | / |
| Руски јазик | 2 | 98,45 | / | / | / | / |
| Математика | 1053 | 73,30 | 289 | 51,55 | / | / |
| Филозофија | / | / | / | / | 1 | 65,71 |
| Естетика | / | / | / | / | 79 | 84,37 |

Табела 6: Дистрибуција на оценките од јунскиот испитен рок по испит во гимназиското образование

| **Наставен предмет (екстерен испит)** | **Не положиле** | | **Положиле со оценка** | | | | | | | | **Средна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | |
| | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | |
| Македонски јазик и литература | 94 | 2,18 | 293 | 6,80 | 1253 | 29,07 | 2142 | 49,69 | 529 | 12,27 | 3,63 |
| Албански јазик и литература | 38 | 2,29 | 109 | 6,56 | 392 | 23,59 | 867 | 52,17 | 256 | 15,40 | 3,72 |
| Турски јазик и литература | 10 | 5,56 | 23 | 12,78 | 59 | 32,78 | 81 | 45,00 | 7 | 3,89 | 3,29 |
| Англиски јазик | 408 | 8,14 | 655 | 13,06 | 1327 | 26,46 | 1742 | 34,74 | 883 | 17,61 | 3,41 |
| Француски јазик | 2 | 6,67 | 0 | 0,00 | 1 | 3,33 | 2 | 6,67 | 25 | 83,33 | 4,60 |
| Германски јазик | 2 | 2,13 | 6 | 6,38 | 9 | 9,57 | 15 | 15,96 | 62 | 65,96 | 4,37 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 100,00 | 5,00 |
| Математика | 21 | 1,99 | 117 | 11,11 | 201 | 19,09 | 237 | 22,51 | 477 | 45,30 | 3,98 |
| Вкупно | 575 | 4,66 | 1203 | 9,74 | 3242 | 26,26 | 5086 | 41,19 | 2241 | 18,15 | 3,58 |

Табела 7: Дистрибуција на оценките од јунскиот испитен рок по испит во средното стручно образование

| **Наставен предмет (екстерен испит)** | **Не положиле** | | **Положиле со оценка** | | | | | | | | **Средна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | |
| | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | **Бр.** | **Во %** | |
| Македонски јазик и литература | 469 | 8,78 | 909 | 17,02 | 2034 | 38,09 | 1749 | 32,75 | 179 | 3,35 | 3,05 |
| Албански јазик и литература | 129 | 5,54 | 226 | 9,71 | 658 | 28,28 | 1117 | 48,00 | 197 | 8,47 | 3,44 |
| Турски јазик и литература | 13 | 10,48 | 16 | 12,90 | 55 | 44,35 | 39 | 31,45 | 1 | 0,81 | 2,99 |
| Англиски јазик | 1400 | 18,49 | 1555 | 20,54 | 2140 | 28,27 | 1884 | 24,89 | 591 | 7,81 | 2,83 |
| Француски јазик | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 2 | 50,00 | 3,50 |
| Германски јазик | 1 | 20,00 | 1 | 20,00 | 0 | 0,00 | 1 | 20,00 | 2 | 40,00 | 3,40 |
| Математика | 56 | 19,38 | 62 | 21,45 | 82 | 28,37 | 61 | 21,11 | 28 | 9,69 | 2,80 |
| Вкупно | 2069 | 13,21 | 2769 | 17,68 | 4970 | 31,74 | 4851 | 30,98 | 1000 | 6,39 | 3,00 |

Табела 8: Дистрибуција на оценките од јунскиот испитен рок по екстерен испит во уметничкото образование

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 16 | 6,96 | 46 | 20,00 | 89 | 38,70 | 75 | 32,61 | 4 | 1,74 | 3,02 |
| Албански јазик и литература | 1 | 5,00 | 2 | 10,00 | 8 | 40,00 | 9 | 45,00 | 0 | 0,00 | 3,25 |
| Англиски јазик | 9 | 5,45 | 33 | 20,00 | 50 | 30,30 | 53 | 32,12 | 20 | 12,12 | 3,25 |
| Германски јазик | 0 | 0 | 0 | 0 | 0,00 | 0 | 1 | 33,33 | 2 | 66,67 | 4,67 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,0 | 0 | 0,00 | 4,00 |
| Естетика | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6,33 | 19 | 24,05 | 55 | 69,62 | 4,63 |
| Вкупно | 26 | 5,22 | 81 | 16,27 | 152 | 30,52 | 158 | 31,73 | 81 | 16,27 | 3,38 |

Доколку се разгледа просечната решеност на секој од екстерните тестови од државната матура од јунскиот испитен рок, односно дистрибуцијата на оценки според видот на образованието, генерален заклучок е дека просечните постигања на матурантите од гимназиското образование се повисоки од оние на матурантите од стручното образование и обука во сите наставни предмети. Ова е и за очекување затоа што учениците од гимназиското образование работат според други наставни планови и програми во кои предметите од државната матура се застапени со повеќе часови. Дополнително, мајчините јазици и математика во повеќето струки, како и англиски јазик во стручните училишта се изучуваат со помал неделен фонд на часови. За да се надмине овој проблем, што поскоро треба да се донесе нова *Концепција за испити на крајот на средното образование*, во која испитите би биле конципирани според видот на образованието. Во септември 2024 година, Бирото за развој на образованието заедно со Државниот испитен центар ја ревидираа испитната програма за Англиски јазик за учебната 2024/2025 година која ќе биде поблиску до нивото на знаење на учениците од стручните училишта.

Во августовскиот испитен рок во 2024 година, за полагање на екстерните испити во државната матура пријавени беа 2160 кандидати, од кои 536 од гимназиското образование, 1596 од средното стручно образование и 28 кандидати од средното уметничко образование.

Табела 9: Пријавени кандидати по екстерен испит во државната матура во августовскиот испитен рок

| **Наставен предмет (екстерен испит)** | **Број на кандидати** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **пријавени** | **присутни** | **отсутни** | **отсутни во %** |
| Македонски јазик и литература | 519 | 453 | 66 | 12,7 |
| Албански јазик и литература | 231 | 148 | 83 | 35,9 |
| Турски јазик и литература | 29 | 21 | 8 | 27,6 |
| Англиски јазик | 1777 | 1515 | 262 | 14,7 |
| Француски јазик | 4 | 4 | 0 | 0,0 |
| Германски јазик | 2 | 2 | 0 | 0,0 |
| Руски јазик | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| Математика | 509 | 507 | 2 | 3,4 |
| Филозофија | 0 | 0 | 0 | 0,0 |
| Естетика | 3 | 3 | 0 | 0,0 |
| Вкупно | 2624 | 2203 | 421 | 16,0 |

Бројот на кандидати кои се пријавиле да полагаат во августовскиот испитен рок е многу мал, што е и за очекување. Согласно законските можности, во овој испитен рок се пријавуваат кандидатите кои не положиле во јунскиот испитен рок или оние кои биле отсутни во јунскиот испитен рок (многу помал број). Од пријавените кандидати во августовскиот испитен рок 16 % на денот на испитот биле отсутни, што е помалку за 9 процентни поени во однос на минатата година. Отсуството на пријавените кандидати на полагањето на испитите (особено во августовската сесија) е проблем со кој се соочува Државниот испитен центар веќе повеќе години наназад. Ваквата состојба уште еднаш ја потенцира економската неоправданост на августовската сесија како што е моментално дефинирана во подзаконските акти.

Имајќи предвид колку екстерни испити полага секој пријавен матурант во јунскиот и августовскиот испитен рок, како и бројот на испечатени резервни тестови (што изнесува околу 10 % дополнително), вкупно испечатени и спакувани беа 35 500 тест-книшки.

Како и во претходните испитни години, така и во 2023/2024 година во августовскиот испитен рок постигањата на кандидатите се релативно ниски, но ова е и за очекување со оглед на структурата на кандидатите (најголем дел се оние кои паднале во јунскиот испитен рок).

Табела 10: Постигнат успех во августовската испитна сесија по екстерен испит

| Наставен предмет (екстерен испит) | Не положиле | | Положиле со оценка | | | | | | | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | |
| | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | Бр. | Во % | |
| Македонски јазик и литература | 210 | 46,36 | 164 | 36,20 | 72 | 15,89 | 7 | 1,55 | 0 | 0,00 | 1,73 |
| Албански јазик и литература | 86 | 58,11 | 46 | 31,08 | 15 | 10,14 | 1 | 0,68 | 0 | 0,00 | 1,53 |
| Турски јазик и литература | 8 | 38,10 | 4 | 19,05 | 6 | 28,57 | 3 | 14,29 | 0 | 0,00 | 2,19 |
| Англиски јазик | 658 | 43,43 | 421 | 27,79 | 302 | 19,93 | 107 | 7,06 | 27 | 1,78 | 1,96 |
| Француски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 75,00 | 0 | 0,00 | 1 | 25,00 | 3,50 |
| Германски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 50,00 | 1 | 50,00 | 4,50 |
| Руски јазик | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| Математика | 20 | 35,09 | 22 | 38,60 | 11 | 19,30 | 3 | 5,26 | 1 | 1,75 | 2,00 |
| Филозофија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | |
| Естетика | 1 | 33,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 66,67 | 3,67 |
| Вкупно | 983 | 44,62 | 657 | 29,82 | 409 | 18,57 | 122 | 5,54 | 32 | 1,45 | 1,89 |

Повеќе испитни сесии наназад покажуваат дека августовскиот испитен рок е неоправдан – и од економски и од педагошки причини. Постигањата на учениците кои се многу ниски не се неочекувани земајќи предвид дека учениците во овој рок се оние кои не ги положиле испитите во јунскиот испитен рок или пак немале законско право да ги полагаат во тој рок. Многу мал е бројот на ученици кои поради други причини (болест, присуство на меѓународни натпревари и сл.) биле отсутни на денот на испитот во јунскиот испитен рок.

# Што се проверува со екстерните испити?

## Македонски јазик и литература/Албански јазик и литература/Турски јазик и литература

Испитниот материјал за тестовите за државната матура во учебната 2023/2024 година за предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература се темелеше на важечките испитни програми кои се исто содржински структуирани за сите три испитни предмети. Во содржините во тестовниот материјал за предметите Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература разликата е само во застапеноста на авторите и делата од националната книжевност и некои специфики од подрачјето Јазик.

Во рамките на државната матура во реализираните испитни сесии досега, содржината на тестовите за Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература е иста повеќе од 80 %. Се креираат исти прашања за проверка на способностите Анализа на дело и автор од светската литература, Читање со разбирање, Пишување. За подрачјето Јазик за задачите со кои се проверуваат знаењата и умеењата на учениците и во претставниците на националната книжевност се внимава да имаат поставени барања од приближно исто ниво.

Во подготовката на испитниот материјал (тест и упатство за оценување) за испитните сесии јуни/август 2024 за сите три испитни предмети се почитуваат стандардизирани правила.

Тест-книшката за оваа испитна година содржи дваесет и седум прашања со вкупно 74 барања, при што се почитува и процентот на исти содржини во тестот за трите предмети. Согласно концепцијата на тестот, учениците пишуваа еден текст со право на избор меѓу две теми. Насоките за реализација на испитот беа поставени на веб-страницата на ДИЦ во јануари 2024 година.

Во содржината на тестот, прашања и барањата беа распоредени според способностите, така што:

- со 3 прашања и 22 барања се тестира способноста Книжевна анализа;
- со 2 прашања и 18 барања се тестира способноста Читање со разбирање;
- со 1 прашање се проверува способноста Пишување и кон оваа задача се додадени и 21 прашање од подрачјето Јазик.

Максимумот бодови што можеа да се добијат изнесува 74 од кои 61 поен се распределени на прашања од способностите Книжевна анализа и Читање со разбирање заедно со прашањата од подрачјето Јазик кои се бодираа со по еден поен, додека преостанатите 13 поени отпаѓаат на способноста Пишување.

Преку барањата од прашањата се проверуваат повеќе цели од испитната програма преку кои се извлечени специфични знаења и умеења од сите способности и од подрачјето Јазик.

Учениците за време од 210 минути одговораа на зададените 27 испитни прашања.

**Англиски јазик**

Согласно Испитната програма за Англиски јазик, овој испит се состои од три дела. Екстерниот испит по Англиски јазик има цел да ја провери оспособеноста на учениците за читање, пишување и примена на јазичните елементи во контекст. Со делот *Читање* се проверува: колку учениците ја разбираат главната идеја во даден текст на англиски јазик, како ја разбираат логичната поврзаност на речениците во текст и колку ги разбираат лексичките и граматичките обрасци во текстот. Со делот *Пишување* се проверуваат две цели – оспособеноста на учениците да напишат кусо писмо, како и оспособеноста да напишат есеј на позната тема, додека со делот *Примена на јазичните елементи во контекст* се проверува оспособеноста на учениците за примена на лексичките единици, граматичките структури и идиоми во контекст.

Тестот по Англиски јазик подготвен за јунската испитна сесија во учебната 2023/2024 година содржи седум прашања со вкупно 33 барања кои учениците ги одговараа за време од 180 минути. Тестот има цел да ги провери знаењата и способностите на учениците од три подрачја: *Читање со разбирање, Примена на јазични елементи и Пишување.* Тестот ја има следната структура: 15 прашања од затворен тип од подрачјето *Читање со разбирање* кои се бодуваа со по еден поен, 30 прашања од отворен тип со куси одговори од подрачјето *Примена на јазични елементи* и 2 прашања од отворен тип со подолг одговор од подрачјето *Пишување* чиј вкупен број поени изнесува 25. Максималниот број поени на тестот е 70.

**Германски јазик, Француски јазик, Руски јазик**

Општа цел на испитите по Германски, Француски и Руски јазик е да се провери на кое ниво учениците се оспособени да разберат прочитан текст, да напишат и применат јазични елементи во контекст.

Проверката на знаењата и способностите на учениците се реализира преку тест кој содржи три дела. Со делот *Читање* се проверува: колку учениците ја разбираат главната идеја во даден текст на германски, односно француски, односно руски јазик, како ја разбираат логичната поврзаност на речениците и колку ги разбираат лексичките и граматичките обрасци во текстот. Ова подрачје во тестот се проверува

преку неколку типа прашања: прашања со повеќечлен избор, прашања со поврзување и прашања со пополнување празнини во текст. Вкупниот број поени на овие прашања изнесува 20.

Со делот *Пишување* се проверуваат две цели – оспособеноста на учениците да напишат писмо (формално и неформално) и оспособеноста да напишат јасен текст на позната тема. Делот Пишување во тестот е застапен со прашања чиј вкупен број бодови е 35, а делот Примена на јазични елементи во контекст е застапен со број на прашања чиј вкупен број бодови е 10. Максималниот број поени на тестовите по овие странски јазици е 65, а времето на решавање е 180 минути.

**Математика**

Испитот по Математика оваа учебна година, втора учебна година по ред, се реализираше според испитната програма донесена во 2022 година. Испитната програма е заснована на наставните програми по Математика за гимназиското и средното стручно образование. Таа ги содржи подрачјата кои се пресек од содржините што се изучуваат во гимназиското и во средното стручно образование и за кои комисијата која ја изготвувала испитната програма проценила дека треба да бидат вклучени во матурскиот испит. Со испитот се проверуваат знаењата и способностите на учениците од пет математички подрачја: Математичка логика и множества, Реални и комплексни броеви, Алгебра, Геометрија и Тригонометрија, распоредени во четири тежински нивоа. Со задачите од способноста С1 се проверува колку учениците ги знаат математичките поими, фактите и постапките. Со задачите од втората способност С2 се проверува колку учениците се оспособени да ги користат математичките поими, фактите и постапките. Со задачите од способноста С3 се проверува колку учениците умеат да решаваат едноставни проблеми и со задачите од С4-способноста се проверува колку учениците се оспособени да расудуваат, односно да размислуваат логички и систематски.

Општата цел на испитот по Математика е да се провери дали со стекнатото знаење ученикот е подготвен да расудува логички, да решава проблеми, да ги користи соодветно математичкото знаење и способностите во различни контексти; правилно да проценува и одредува методи најсоодветни за решавање дадени проблеми, разбирајќи ја меѓусебната поврзаност на математичките подрачја.

Тестотвите по Математика во јунскиот и августовскиот испитен рок во учебната 2023/2024 година, како и во претходната година, содржат 30 задачи од наведените подрачја, при што 15 задачи се од затворен тип, 5 задачи се со краток одговор и 10 задачи се со целосна постапка на решавање. Времето на решавање на тестот по Математика е 180 минути.

**Филозофија**

Испитниот материјал за предметот Филозофија за државната матура во учебната 2023/2024 година беше изготвен согласно скратените испитни програми. Во изготвувањето на тестовите и упатствата за оценување за испитните сесии јуни/август 2024 година се почитуваа воспоставените правила и процедури за подготовка на тест за екстерен испит во рамките на државната матура, кои се дел од испитната програма за Филозофија.

Тестот за оваа година содржи 46 задачи со вкупно 56 барања. Насоките за реализација на овој дел од испитот беа поставени на веб-страницата на ДИЦ во јануари 2021 година.

Во содржината на тестот, прашањата и барањата беа распоредени според подрачјата, а тие се следните:

- Античка филозофија;
- Средновековна филозофија;
- Нововековна филозофија;
- Современа филозофија;
- Филозофија на XX век.

Максимумот поени што можеа да се добијат на тестовите за учебната 2023/2024 за двата испитни рока е по 70 поени.

Учениците предвидените 46 задачи ги одговараа за време од 150 минути.

**Естетика**

Испитниот материјал за предметот Естетика за државната матура во учебната 2023/2024 година се темелеше на скратените испитни програми. Во изготвувањето на испитниот материјал (тест, упатство за оценување) за испитните сесии јуни/август 2024 година се почитуваа воспоставените правила и процедури за подготовка на тест за екстерен испит во рамките на државна матура, кои се дел од испитната програма за Естетика.

Тестот за оваа испитна година содржи 48 задачи со вкупно 55 барања. Испитната програма за реализација на овој испит е поставена на веб-страницата на ДИЦ во 2021 година.

Во содржината на тестот, прашањата и барањата беа распоредени според подрачјата, односно:

- Што е уметноста;
- Историја на естетички идеи;

- Уметноста како комуникација;
- Естетски вредности;
- Уметничко дело;
- Уметностите и нивните карактеристики;
- Улогата на уметникот;
- Вкусот и оценката;
- Уметноста во современиот свет.

Максимумот поени на овој тест е 58, а матурантите го решаваа за време од 150 минути.

# Резултати од анализата на психометриските карактеристики на задачите во јунските тестови за екстерните испити од државната матура 2023/2024

Во продолжение следи анализата на резултатите од тестовите од јунската испитна сесија на државната матура 2023/2024, чија цел е проверка на мерните карактеристики на тестовите од јунскиот испитен рок, како и психометриските карактеристики на прашањата и задачите.

**Македонски јазик и литература**

По завршувањето на процесот на оценување, поставувањето праг на положеност и по обработката на резултатите добиени се показатели за постигањата на учениците. Во јунскиот испитен рок на државната матура во учебната 2023/2024 година предметот Македонски јазик и литература го полагале вкупно 9881 кандидат од кои испитот го положиле 9302 матуранти, односно испитот го положиле 94,14 % од кандидатите.

Во јунската испитна сесија во тест-книшката беа застапени 52 прашања/барања од отворен вид и 22 прашања коишто имаат барања со повеќечлен избор. Анализата на резултатите на прашањата од јунскиот испитен рок покажа дека во зависност од видот, прашањата различно се поставени на скалата до максимумот можни поени.

Резултатите од анализата ги покажаа постигањата на учениците во подрачјата Книжевна анализа, Читање со разбирање и примената на знаењата од подрачјата Јазик и Пишување. Просечниот процент на решеност, според добиените резултати од анализата, е 60,99, односно 45,13 поени од максималните 74 поени.

Во табелата е прикажан процентот на точни одговори според видот на прашањата (во приказот не се ставени резултатите од способноста Пишување).

Табела 11: Просечен процент на решеност на ајтемите од тестот по Македонски јазик и литература според видот на прашањата

| | **Процентот на точни одговори** | **80 - 100** | **60 - 79** | **40 - 59** | **20 - 39** | **0 - 19** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | **барања со повеќечлен избор** | 14 | 6 | 2 | / | / |
| | **барања од есејски вид** | 9 | 9 | 10 | 7 | 4 |

Поголем број прашања од двата вида во тестот се со точна решеност меѓу 80 до 100 %. Девет барања со повеќечлен избор се со решеност над 90 посто и само едно е со решеност од 56 посто.

Девет барања од есејски вид, според анализата, се со решеност меѓу 80 до 100 %, и исто толку прашања се со процент на решеност 60 – 79, десет прашања се со процент на решеност 40 – 59. Во групата прашања со понисок процент на решеност се 11, и тоа во интервалот 20 – 39 % се 7 прашања и од 0 до 19 % се 4 испитни барања.

Од приказот на хистограмот, а и од анализата на резултатите се согледува дека дистрибуцијата на вкупните резултати е насочена кон повисоките вредности и тестот е во категоријата на релативно лесни тестови. Според резултатите, отворените прашања имаат подобри показатели во тестот.

*Графикон 1: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*




Земајќи ги резултатите од анализата, видливо е дека постигањата оваа испитна сесија се пониски во сите способности. Показателите од јунската испитна сесија во учебната 2023/2024 година, посочуваат дека учениците имаат најголеми достигнувања во подрачјето Јазик. Слични се постигањата во прашањата од способноста Книжевна анализа (61,51 %) и Читање со разбирање (61,26 %). Во способноста Пишување (46,14 %) постигањата и во оваа испитна сесија се најслаби што укажува на фактот дека пишувањето можеби не се практикува доволно во наставниот процес во нашите училишта.

Од анализата на прашањата што се користеа во тестовниот материјал се согледува дека голем број од нив (особено отворените) имаат добри мерни показатели.

Табела 12: Просечен процент на решеност на екстерниот испит Македонски јазик и литература по способности/подрачја

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 61,51 |
| Читање со разбирање | 61,26 |
| Пишување | 46,14 |
| Јазик | 69,41 |

Според добиените резултати и според увидот во одговорите во тестовите, се добива впечатокот дека учениците само репродуцираат стекнати знаења од способностите, но не и самостојна вештина за давање одговор на прашањата.

Табела 13: Споредба на постигањата по екстерниот испит Македонски јазик и литература во различни испитни години

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност по години** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2019 г.** | **2021 г.** | **2022 г.** | **2023 г.** | **2024 г.** |
| Книжевна анализа | 77,99 | 76,43 | 82,14 | 78,01 | 61,51 |
| Читање со разбирање | 79,28 | 63,75 | 77,09 | 73,26 | 61,26 |
| Пишување | 45.21 | 51,64 | 53,68 | 50,46 | 46,14 |
| Јазик | 73,47 | 78,07 | 83,51 | 88,69 | 69,41 |

Според приказот на споредбените резултати во пет испитни години, најголеми осцилации има во постигањата на учениците во способноста Книжевна анализа и во подрачјето Јазик. Надолната линија на постигањата во овие способности укажува на потребата да се обрне повеќе внимание на подготовка на идните матуранти во текот на наставниот процес. Исто така оваа состојба упатува и на потребата од организирање почести средби, работилници со наставниот кадар. Тргнувајќи од постигањата на матурантите, особено по воспоставените модуларни програми во средното стручно образование, се наметнува потребата од подготовка на нова концепција на државната матура што ќе значи раздвојување на испитот по мајчин јазик за гимназијалците и за учениците од средните стручни и уметнички училишта.

## Албански јазик и литература

Во учебната 2023/2024 година во јунската испитна сесија, предметот Албански јазик и литература го полагале вкупно 4008 кандидати, од кои испитот го положиле 95,83 % од матурантите.

Направената анализа ги покажа постигањата на учениците во способностите содржани во испитната програма – Книжевна анализа, Читање со разбирање и примена на знаењата од подрачјето Јазик и Пишување. Просечниот процент на решеност, според добиените резултати од анализата, е 65,20 односно 48,25 поени од максималните 74 поени.

Според анализата на резултатите, а и од приказот на хистограмот, се согледува дека тестот спаѓа во категоријата на просечно лесни тестови.

За оваа испитна сесија во тест-книшката беа застапени 52 прашања/барања од отворен вид и 22 прашања коишто имаат барања со повеќечлен избор. Анализата на резултатите на прашањата од јунскиот испитен рок покажа дека во зависност од видот, прашањата различно се поставени на скалата до максимумот можни поени.

На прикажаната табела се гледа бројот на барањата според процентот на точни одговори и видот на прашањето (не се ставени резултатите од способноста Пишување).

Табела 14: Процент на просечна решеност на задачите во тестот по Албански јазик и литература

| **Процент на точни одговори** | | **80 - 100** | **60 - 79** | **40 - 59** | **20 - 39** | **0 - 19** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | Барања со повеќечлен избор | 16 | 5 | 1 | / | / |
| | Барања од есејски вид | 8 | 16 | 10 | 3 | 2 |

Повеќето прашања со повеќечлен избор имаат точна решеност меѓу 80 до 100 %, т.е. шеснаесет прашања се со висок процент на решеност, пет се со процент на решеност помеѓу 60 и 79 и едно барање е со процент на решеност од 55 %.

Според резултатите, отворените прашања имаат нешто послаби показатели во тестот. Пет прашања од отворен вид се со процент на решеност под 40 % (две дури и со процент на решеност под 20 %).

*Графикон 2: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*




Во учебната 2023/2024 година во јунската испитна сесија, постигањата на учениците на прашањата од подрачјето Јазик се најдобри. Релативно добри се постигањата на учениците и во способноста Читање со разбирање. Оваа испитна сесија учениците покажуваат послаби постигања во прашањата од способноста Книжевна анализа.

Табела 15: Просечен процент на решеност по способности/подрачја за екстерниот испит Албански јазик и литература

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 62,67 |
| Читање со разбирање | 70,44 |
| Пишување | 38,50 |
| Јазик | 79,90 |

Во способноста Пишување и во оваа испитна сесија постигањата се најслаби што укажува дека пишувањето можеби не се применува доволно во текот на наставниот процес. Најголемата акумулација на кандидати кои полагале Албански јазик и литература е во интервалот 54 – 56 поени.

Табела 16: Споредба на постигањата во текот на пет испитни години

| Способност/подрачје | Просечен процент на решеност по година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** |
| Книжевна анализа | 75,31 | 65,99 | 66,96 | 61,86 | 62,67 |
| Читање со разбирање | 79,34 | 60,05 | 82,03 | 73,71 | 70,44 |
| Пишување | 44,91 | 40,62 | 45,79 | 42,40 | 38,50 |
| Јазик | 84,94 | 81,74 | 75,46 | 80,98 | 79,90 |

Во табелата подолу прикажана е споредбата на постигањата на учениците по способности и подрачја во пет последователни испитни години (2019 г., 2021 г., 2022 г., 2023 г. и 2024 година). Во сите подрачја и во сите способности постигањата не се константни, т. е. има промени.

Во 2024 година, ако се споредат со резулатите од 2019 г., 2021 г., 2022 г. и 2023 година, послаби постигања се видливи за способноста Пишување. Во споредба со 2023 г. учениците покажуваат незначително подобри постигања во способноста Книжевна анализа. Но, резултатите/постигањата во останатите во останатите три способности – Јазик и Читање со разбирање во оваа испитна сесија се во блага надолна линија, додека, во способноста Пишување се забележува поголем пад.

**Турски јазик и литература**

Испитот по Турски јазик и литература на државната матура, во јунскиот испитен рок 2024 г. го полагаа вкупно 304 кандидати. Од вкупниот број на ученици кои го полагале испитот 92,43 % го положиле. Резултатот, според просечниот процент на решеност на тестот, е 57,99 %, односно 42,91 бода.

Тестот по Турски јазик и литература содржеше дваесет и две (22) прашања со повеќечлен избор, а триесет и девет (39) прашања од вкупниот број испитни прашања во тестот се од отворен тип. Со тој тип прашања се проверуваше оспособеноста на учениците за Книжевна анализа, Читање со разбирање, Пишување и се проверуваа знаењата од подрачјето Јазик. Во едно прашање имаше грешка и тоа беше иземено.

Табела 17: Процент на просечна решеност на задачите во тестот по Турски јазик и литература

| **Процент на точни одговори според видот на прашање** | **80 - 100** | **60 - 79** | **40 - 59** | **20 - 39** | **0 - 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прашања со повеќечлен избор** | 10 | 4 | 4 | 4 | / |
| **Прашања од есејски вид** | 14 | 7 | 9 | 3 | 6 |

Распределбата на процентот на решеност на прашањата со повеќечлен избор во тестот по Турски јазик и литература е релативно добра, што може да се согледа од табелата погоре. Десет прашања со повеќечлен избор се со точна решеност меѓу 80 до 100 %, а во трите последователни групи прашања се категоризирани по четири прашања, додека пак во последната група со решеност 0 – 19 проценти нема ниту едно прашање.

Поинаква слика се добива од решеноста на прашањата од отворен тип каде што имаме 14 прашања со решеност од 80 до 100 %, седум се решеност од 60 до 79 %, девет се со решеност од 40 до 59 %, три со решеност од 20 до 39 % и шест прашања се со решеност од 0 до 19 %.

Од хистограмот за предметот Турски јазик и литература се согледува дека дистрибуцијата на вкупните резултати е насочена кон средните вредности (најголемата акумулација на кандидати е со 47 бода) и може да се каже дека тестот главно спаѓа во категоријата просечни тестови.

*Графикон 3: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*




Највисоки резултати постигнале матурантите во подрачјето Книжевна анализа. И оваа испитна сесија има послаби постигања на учениците во способноста Пишување што веројатно се должи на недоволната примена на пишувањето во наставниот процес.

Табела 18: Просечен процент на решеност на прашањата во тестот по Турски јазик и литература по способности/подрачја

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** |
|---|---|
| Книжевна анализа | 70,86 |
| Читање со разбирање | 56,09 |
| Пишување | 35,96 |
| Јазик | 59,79 |

Доколку ги спoредиме постигањата на учениците во последните пет години, резултатите покажуваат дека во 2024 година учениците, наспроти четирите испитни години 2019, 2021, 2022 и 2023 година, имаат послаби постигања во способностите Читање со разбирање и Јазик, а од друга страна пак подобри резултати во однос на претходната година имаат во способностите Книжевна анализа и Пишување.

Табела 19: Разлики во постигањата на учениците во однос на подрачјата содржани во испитите во 2019, 2021, 2022, 2023 и 2024 година

| **Способност/подрачје** | **Просечен процент на решеност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2019 г.** | **2021 г.** | **2022 г.** | **2023 г.** | **2024 г.** |
| Книжевна анализа | 76,88 | 70,36 | 72,21 | 55,67 | 70,86 |
| Читање со разбирање | 76,96 | 60,78 | 75,26 | 67,55 | 56,09 |
| Пишување | 44,92 | 59,20 | 55,55 | 21,45 | 35,96 |
| Јазик | 79,34 | 63,88 | 84,04 | 71,86 | 59,79 |

**Споредбени согледувања**

Државната матура за сите екстерни испити во 2023/2024 година се реализираше во голем простор и токму ваквото спроведување имаше големо влијание на постигањата на матурантите. Севкупното согледување по направената анализа на резултатите е дека оваа генерација има релативно пониски постигања споредено со постигањата на претходните генерации матуранти во, особено, последните три-четири години.

Матурантите на испитите по Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература, во јунскиот испитен рок покажаа различни нивоа на знаења и способности.

Учениците кои го решаваа тестот по Македонски јазик и литература имаат најдобри постигања во способноста Јазик и Книжевна анализа, додека матурантите кои го полагаа испитот Албански јазик и литература, најдобри резултати имаат во подрачјето Јазик и во способноста Читање со разбирање. Матурантите кои полагаа

Турски јазик и литература во јунскиот испитен рок покажаа најдобри резултати во подрачјето Јазик и во способноста Читање со разбирање. Во способноста Пишување, најдобри постигања имаа учениците кои полагаа Македонски јазик и литература.

Општ впечаток кој се наметнува за сите три екстерни испити е дека учениците на сите три јазика имаат потешкотии при пишување текст со зададени насоки. Согласно резултатите, но и од увидот во процесот на оценување, се гледа дека на учениците не им се целосно јасни правилата за содржинско средување на текст, што можеби е последица на недоволното практикување на пишувањето во текот на образовниот процес.

Табела 20: Просечни постигања на учениците по подрачја и наставни јазици

| Наставен предмет (екстерен испит) | Просечен процент на решеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | На цел тест | Читање со разбирање | Книжевна анализа | Јазик | Пишување |
| Македонски јазик и литература | 60,99 | 61,26 | 61,51 | 69,41 | 46,14 |
| Албански јазик и литература | 65,20 | 70,44 | 62,67 | 79,90 | 38,50 |
| Турски јазик и литература | 57,99 | 56,09 | 70,88 | 59,79 | 35,96 |

Висок е процентот на точна решеност кој учениците од сите три јазика го покажуваат на затворените прашања од способноста Читање со разбирање, додека кај прашањата во кои учениците треба да дадат свој суд, свое мислење за даден проблем, точната решеност е помала.

Од спроведената анализа –девојчињата матурантки од трите јазика на целиот тест имаат подобри постигања. Предметот Македонски јазик и литература го полагале 5243 девојчиња кои постигнаа средна оценка од 3,5 и 4638 момчиња кои постигнаа средна оценка од 3,08. Предметот Албански јазик и литература го полагале 2279 девојчиња кои постигнаа средна оценка од 3,75 и 1730 момчиња кои постигнаа просек од 3,3. Додека пак предметот Турски јазик и литература го полагале 159 девојчиња кои постигнаа средна оценка од 3,23 и 145 момчиња кои постигнаа средна оценка од 3,1.

Табела 21: Постигања по пол, предмет и по способности/подрачја

| Наставен предемет (екстерен испит) | | Бр. на канди дати | Просечен процент на решеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | на цел тест | Книжевна анализа | Јазик | Читање | Пишување |
| **Македонски јазик и литература** | женски | 5243 | 64,27 | 63,79 | 72,69 | 64,04 | 51,78 |
| | машки | 4678 | 57,29 | 58,92 | 65,70 | 58,12 | 39,78 |
| **Албански јазик и литература** | женски | 2279 | 68,31 | 64,68 | 82,77 | 73,39 | 44,07 |
| | машки | 1729 | 61,11 | 60,03 | 76,11 | 66,55 | 31,16 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Турски јазик и литература** | женски | 159 | 58,87 | 71,53 | 58,13 | 57,93 | 39,96 |
| | машки | 145 | 57,03 | 70,13 | 61,61 | 54,06 | 31,56 |

Матурантките кои го полагале тестот на македонски јазик имаат подобри резултати во сите тестирани подрачја, а особено подобри постигања покажуваат во способноста Пишување. Според резултатите добиени од анализата на тестот кој е решаван на албански јазик, подобри постигања имаат девојчињата. Момчињата покажуваат особено послаби знаења и умеења во способноста Пишување.

Различна е сликата на постигањата на матурантите кои го решавале тестот на турски јазик. Девојчињата имаат подобри постигања во способностите Книжевна анализа, Читање со разбирање и во Пишување, додека во подрачјето Јазик момчињата имаат подобри резултати.

Резултатите од кои се добива сликата за успехот на матурантите по видот на образованието укажуваат дека гимназијалците во сите три предмети покажуваат повисоки постигања. Оваа испитна сесија разликата на постигањата на гимназијалците кои полагале на македонски јазик и турски јазик наспроти учениците од средното стручно и уметничкото образование е релативно намалена наспроти претходните испитни сесии.

Табела 22: Просечни постигања по вид на образование и екстерен испит

| | | Македонски јазик и литература | Албански јазик и литература | Турски јазик и литература |
|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | Книжевна анализа | 66,59 | 65,47 | 71,84 |
| | Јазик | 75,77 | 82,83 | 61,30 |
| | Читање | 64,55 | 73,23 | 57,41 |
| | Пишување | 52,59 | 39,46 | 40,51 |
| | Вкупно: | **66,24** | **67,72** | **59,83** |
| Стручно образование | Книжевна анализа | 57,66 | 60,70 | 69,43 |
| | Јазик | 64,69 | 77,84 | 57,60 |
| | Читање | 58,62 | 68,47 | 54,17 |
| | Пишување | 40,94 | 37,84 | 29,34 |
| | Вкупно: | **56,95** | **63,44** | **55,32** |
| Уметничко образование | Книжевна анализа | 55,51 | 59,32 | |
| | Јазик | 59,63 | 75,48 | |
| | Читање | 60,87 | 67,78 | |
| | Пишување | 46,02 | 35,38 | |
| | Вкупно: | **56,32** | **61,76** | |

На резултатите од сите подрачја/способности и од сите видови образование, би можело да се каже дека колку и да е соодветно направен пресекот на наставните содржини од гимназиското, стручното и уметничкото образование во испитните

програми, различниот број на неделен фонд на часови влијае на постигањата кај учениците.

Генерална препорака, со цел да се постигнат реални и подобри резултати за способноста Пишување на екстерните испити по Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература, како и во квалитетот на стекнатите знаења и способности на учениците, е во текот на редовната настава, наставниците во своите планирања за реализација на наставата да имаат повеќе активности поврзани со пишување различни форми на писмено изразување. Исто така со оглед на послабите резултати, примена на теоријата на литература во структурна анализа на книжевни дела на различни видови книжевни дела (познати и непознати) и примена на читање со разбирање на текастови од различен вид и од различни извори и медиуми треба да бидат почести активности на часовите по овие три наставни предмети.

**Англиски јазик**

Во јунската испитна сесија 2024 година, согласно испитната програма по овој предмет, со тестот се проверуваа 3 вештини: Читање со разбирање, Примена на јазични елементи во контекст и Пишување. Просечно освоените поени на вкупната популација матуранти за овој предмет се 41,47 од вкупно 70 бода, односно просечниот процент на решеност на тестот е 59,24.

*Графикон 4: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*




Од хистограмот се гледа дека дистрибуцијата на вкупните резултати е насочена кон повисоките вредности и тестот е средно лесен. Најголемата акумулација на кандидати е со 49 бода.

Табела 23: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **80 - 100** | **60 - 79** | **40 - 59** | **20 - 39** | **0 - 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен вид** | **7** | **6** | **2** | **/** | **/** |
| **Барања од отворен вид** | **/** | **4** | **10** | **3** | **1** |

Најголемиот број задачи со точна решеност (80 – 100 %) се од затворен вид (седум од вкупно 15). Останатите осум прашања од затворен тип се во опсег на тежинско ниво од 40 до 79. Кај задачите со барања од отворен вид, најбројни (10 од вкупно 18), се оние со решеност од 40 до 59 %, останатите осум се подобро избалансирани во однос на тежинските нивоа во споредба со оние од затворен вид.

Табела 24: Просечни постигања на учениците по категории и подрачја

| **Категорија** | | **Број на канди дати** | **Просеч-ни бодови** | **Просе чен проце нт на реше ност** | **Просечни постигања (по делови од тест)/ макс. бодови** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Читање/15** | | **Пишување/25** | | **Јазик/30** | |
| | | | | | **Просеч ни бодови** | **Просе чен проце нт на реше ност** | **Просе чни бодов и** | **Просеч ен проце нт на решен ост** | **Просе чни бодов и** | **Просечен процент на решеност** |
| Пол | Женски | 6923 | 43,61 | 55,61 | 11,43 | 76,18 | 13,93 | 55,72 | 18,25 | 60,85 |
| | Машки | 5827 | 38,92 | 38,92 | 11,26 | 75,07 | 11,47 | 45,89 | 16,19 | 53,98 |
| Наставен јазик | Македонски | 8466 | 42,41 | 60,59 | 11,61 | 77,43 | 13,15 | 52,60 | 17,65 | 58,83 |
| | Албански | 4000 | 39,63 | 56,61 | 10,88 | 72,53 | 12,14 | 48,58 | 16,60 | 55,34 |
| | Турски | 284 | 39,33 | 56,19 | 10,13 | 67,54 | 11,92 | 47,69 | 17,28 | 57,61 |
| Вид образова-ние | Гимназиско | 5015 | 45,29 | 64,70 | 11,89 | 79,26 | 14,54 | 58,16 | 18,86 | 62,86 |
| | Стручно | 7570 | 38,90 | 55,57 | 10,98 | 73,22 | 11,65 | 46,59 | 16,27 | 54,24 |
| | Уметничко | 165 | 43,21 | 61,73 | 11,90 | 79,31 | 13,30 | 53,19 | 18,02 | 60,06 |

Оваа испитна сесија од вкупно 12750 кандидати кои го полагаа испитот по Англиски јазик, 5015 се ученици од гимназиското образование, 7570 се од стручното, а од средното уметничко образование полагале 165 кандидати. Од нив пак 6923 се девојчиња, а 5827 момчиња.

Најдобри постигања имаат кандидатите од гимназиското образование со освоени во просек 45,29 бода, односно со просечен процент на решеност од 64,70, во споредба со кандидатите од средното стручно образование кои во просек освоиле 38,9 бода, односно просечен процент на решеност од 55,57. Малку подобри од нив се кандидатите од средното уметничко образование со освоени во просек 43,21 бода, односно со 61,73 просечен процент на решеност.

Во однос на полот, девојчињата со освоени во просек 43,61 бода, односно просечен процент на решеност 62,30, имаат подобри постигања од момчињата чиј

просек за истиот предмет изнесува 38,92 бода, односно просечен процент на решеност – 55,61.

Доколку се разгледаат резултатите на матурантите според наставниот јазик, може да се согледа дека просечните постигања на матурантите кои ја следеле наставата на македонски јазик се 60,59, на албански наставен јазик се 56,61, а на турски наставен јазик – 56,19. Највисок процент на решеност постигнале учениците кои ја следеле наставата на македонски наставен јазик за сите три вештини.

Испитот по Англиски јазик избрале да го полагаат повеќе девојчиња во однос на момчиња. Како и во повеќето предмети и во Англиски јазик просечните постигања на девојчињата се повисоки. Со оглед на тоа што поголем број кандидати од стручното образование полагаа државна матура, поголем е и бројот на кандидати од стручните училишта кои избрале да го полагаат испитот по Англиски јазик отколку од гимназиите, но сепак учениците од гимназиското образование имаат постигнато подобри просечни постигања.

Табела 25: Споредба на постигањата на учениците во последните две години според вештини

| **Вештина** | **2024** | | **2023** | | **Број на бодови по вештина** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Просечни постигања (во бодови)** | **Просечна решеност (%)** | **Просечни постигања (во бодови)** | **Просечна решеност (%)** | |
| Читање | 11,35 | 75,67 | 11,01 | 73,37 | 15 |
| Пишување | 12,81 | 51,22 | 11,20 | 44,79 | 25 |
| Примена на јаз. ел. | 17,31 | 57,71 | 22,02 | 73,39 | 30 |

Споредено со претходната година, се забележува опаѓање на постигањата кај вештината Примена на јазичните елементи во контекст, а кај вештините Читање и Пишување се забележува благ пораст.

Иако оваа испитна сесија испитите од државната матура се полагаа во голем простор, согласно процедурите за постапување при спроведување на државната матура во голем простор, поради што беше зголемена контролата над однесувањето на кандидатите во текот на полагањето, сепак оценувачите забележаа преземени текстови од интернет-страници или од алатката „Chatgpt“. Согласно Правилникот сите забележани неправилности од страна на оценувачите на задачите од есејски тип, односно: целосен плагијат, целосно идентични текстови помеѓу кандидати и откривање на идентитетот во тестот, со обезбедени доказ, беа санкционирани со 0 поени на цел тест.

**Германски јазик**

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Германски јазик го полагале вкупно 102 кандидати и сите положиле. По завршувањето на оценувањето, поставувањето праг на положеност и по обработката на резултатите добиени се показателите за постигањата на учениците.

Четири прашања од вкупниот број прашања во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст. Според резултатите, во просек, учениците освоиле 53,49 од вкупно 65 поени, односно просечниот процент на решеност на тестот е 82,29.

Табела 26: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **80 - 100** | **60 - 79** | **40 - 59** | **20 - 39** | **0 - 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| Барања од затворен вид | 17 | 3 | / | / | / |
| Барања од отворен вид | 4 | 3 | / | / | / |

Од податоците погоре може да се согледа дека во тестот во јунскиот испитен рок нема прашања со низок или среден процент на решеност, односно сите прашања се лесни и многу лесни. На дваесет и едно прашање, од отворен и затворен вид меѓу 80 и 100 % од кандидатите одговориле точно, а од 60 до 79 % од кандидатите одговориле точно на шест прашања.

*Графикон 5: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*




Од хистограмот се гледа дека најбројни се кандидатите со 60 бода, но и дека популацијата е групирана во најголем број кај високите бодови. Сепак во однос на минатата година, оваа година имаме неколку ученици со пониски постигања, односно со 10 и 13 бода.

**Француски јазик**

Во јунскиот испитен рок на државната матура предметот Француски јазик го полагале вкупно 34 кандидати од кои само три кандидати не го положиле испитот. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на добиените резултати добиени се показатели за постигањата на учениците.

Четири прашања од вкупниот број прашања во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст. Според резултатите извлечени од анализата, во просек, учениците освоиле 56,91 од вкупно 65 бода, односно просечниот процент на решеност на тестот од јунскиот испитен рок е 87,56.

Табела 27: Процент на просечна решеност на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | **80 - 100** | **60 - 79** | **40 - 59** | **20 - 39** | **0 - 19** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен тип** | **21** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Барања од отворен тип** | **7** | **/** | **/** | **/** | **/** |

Од податоците во табелата погоре, може да се согледа дека сите прашања се лесни. Анализата покажува дека 10 прашања се со тежинска вредност 100 и со индекси на дискриминативност со вредност нула. Но треба да имаме предвид дека, скоро сите ученици кои избрале да полагаат Француски јазик се ученици од билингвалните паралелки.

*Графикон 6: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*




Хистограмот погоре покажува дека поголемиот број од кандидатите е распореден кон повисоките бодови. Најбројни се кандидатите со освоени 64 бода на тестот, а по нив се оние со максималните 65. Иако се работи за популација која е

малобројна (само 34), како што е кажано и погоре, тестот го полагаат ученици кои го изучувале јазикот по два различни стандарди (билингвални паралелки и како втор странски јазик).

**Руски јазик**

Во јунскиот испитен рок, испитот по Руски јазик го полагаа вкупно двајца кандидати и тие го положија испитот со оценка 5.

Четири задачи од вкупниот број испитни задачи во јунскиот испитен рок се од затворен, а две се од отворен вид. Со тест-книшката се проверуваше оспособеноста на учениците во три вештини: Читање со разбирање, Пишување и Примена на јазичните елементи во контекст.

**Математика**

Тестот по предметот Математика, согласно спецификациската шема од испитната програма, содржи задачи од петте подрачја: Математичка логика и множества, Реални и комплексни броеви, Алгебра, Геометрија и Тригонометрија распоредени на четирите тежински нивоа. Испитот по Математика, во јунскиот испитен рок во учебната 2023/2024 година пријавиле да го полагаат 1356 кандидати. Од нив само 14 кандидати биле отсутни. Математика бираат да полагаат главно ученици кои своето образование планираат да го продолжат на техничките факултети.

Просечниот процент на решеност на тестот е 68,61 %, односно 41,85 бод од можни вкупно 61 бод при стандардна девијација од 13,79 и стандардна грешка на мерењето од 4,60. Алфа-коефициентот на тестотот по Математика од јунскиот испитен рок е 0,89, што значи дека тестот има добри мерни карактеристики.

*Графикон 7: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*



Во тестот по Математика од јунскиот испитен рок, 15 задачи се со повеќечлен избор, а преостанатите задачи се од отворен вид (5 задачи со краток одговор и 10 со постапка за решавање). Сите задачи со повеќечлен избор се со 4 дистрактори, при што секој точен одговор се бодува со 1 бод. Од 20 задачи од отворен вид, 5 се бодуваа со по 2 бода, а останатите десет се задачи во кои се бодува секој чекор од постапката на решавање, односно: 4 со по 3 бода и 6 задачи со по 4 бода.

Резултатите од анализата покажуваат дека најголемиот број задачи во јунскиот тест имаат добри психометриски карактеристики. Скоро сите задачи покажуваат добра дискриминативност. Сепак треба да имаме предвид дека предметот Математика е изборен и го полагале само 1342 кандидати, односно избрале да го полагаат кандидатите кои, пред сè, имаат афинитети кон овој предмет.

Табела 28: Процент на точни одговори на задачите во тестот

| **Процент на точни одговори** | | | **90 - 100 %** | **75 - 89 %** | **60 - 74 %** | **0 - 59 %** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на задачи според видот** | Барања со повеќечлен избор | | 6 | 8 | 1 | 0 |
| | Барања од отворен вид | краток одговор | 1 | 0 | 3 | 1 |
| | | постапка на решавање | 0 | 2 | 3 | 5 |

Со над 75 % решеност се дури 14 од 15. задачи со повеќечлен избор, а само една задача од петте со краток одговор и две од десетте со постапка за решавање. Од друга страна, пак, нема задачи со повеќечлен избор со процент на решеност под 60 %, една со краток одговор и дури пет со постапка на решавање. Останатите задачи од сите три вида, матурантите ги решаваат со процент на решеност помеѓу 60 % и 75 %. Од сето ова може да се заклучи дека задачите со постапка за решавање им се најтешки на матурантите, а оние со повеќечлен избор им се најлесни.

Тестот по Математика во јунскиот испитен рок содржи 8 задачи од способноста С1 (кандидатот да знае поими факти и постапки), 10 од способноста С2 (кандидатот да користи поими, факти и постапки), 8 задачи од способноста С3 (кандидатот да решава едноставни проблеми) и 4 задачи од способноста С4 (кандидатот да расудува, односно да размислува логички и систематски). Просечниот процент на решеност на способностите С1 и С2 е 77 %, додека пак просечниот процент на решанист на способностите С3 и С4 е понизок (С3 е со просечен процент на решеност од 67 %, а С4 е со просечен процент на решеност од 54 %).

Табела 29: Просечни постигања на учениците по подрачја

| Подрачје | Просечен процент на решеност | Број на задачи | Максимум можни бодови | Стандардна девијација | Стандардна грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Математичка логика и множества | 81,68 | 3 | 6 | 1,34 | 1,12 |
| Реални и комплексни броеви | 65,14 | 3 | 6 | 1,88 | 1,74 |
| Алгебра | 65,58 | 12 | 24 | 6,17 | 2,91 |
| Геометрија | 70,47 | 10 | 20 | 4,87 | 2,64 |
| Тригонометрија | 64,28 | 2 | 5 | 1,65 | 1,57 |
| Вкупно | 68,61 | 30 | 61 | 13,79 | 4,60 |

Матурантите кои избрале да полагаат државна матура по предметот Математика ги имаа совладано сите подрачја застапени во испитната програма.

Просечниот процент на решеност на секое поединечно подрачје од јунскиот тест е над 64 %. Најдобри резултати кандидатите имаат постигнато во подрачјето Математичка логика и множества, а најниски во Тригонометрија, но сепак и за ова подрачје просечниот процент на решеност е висок, односно 64,28 %.

Подрачјето Математичка логика и множества во тестот е застапено со 3 задачи, односно по една од секој вид и секоја соодветно ги мери способностите: од познавање на математичките поими, фактите и постапките (способност С1) до решавање на едноставни проблеми (способност С3). Најдобри резултати учениците постигнале на задачата со краток одговор, а најниски на задачата со повеќечлен избор која ја мери способноста С1, односно од кандидатот се бара да знае одреден поим, односно факт.

Застапеноста на подрачјето Реални и комплексни броеви во тестот е, исто така, со 3 задачи, од кои две со повеќечлен избор и една со постапка на решавање, односно по една од секој вид и секоја соодветно ги мери способностите – од С1 (познавање на математичките поими, фактите и постапките), С2 (користење математички поими, факти и постапки) и С4 (оспособеност да расудуваат, односно да размислуваат логички и систематски). Процентот на решеност на двете задачи со повеќечлен избор што ги мерат способностите С1 и С2 е над 90 %, а задачата со постапка на решавање има процент на решеност од само 57 %.

Подрачјето Алгебра во тестот е застапено со 12 задачи кои носат вкупно 24 бода, од кои: 6 задачи со повеќечлен избор, две со краток одговор и четири со постапка на решавање. Две од задачите ја проверуваат способноста С1, 4 ја проверуваат способноста С2 , 5 ја проверуваат способноста С3 и една ја проверува способноста С4. Просечниот процент на решеност на шесте задачи со повеќечлен избор се движи од 77 % до 86 %, а само на една е 61 %. Додека пак просечниот процент на решеност на задачите со краток одговор е 56 % и 71 %. Слични резултати

кандидатите постигнале и при одговарање на задачите со отворена постапка, односно просечниот процент на решеност на секоја од задачите се движи од 54 % до 74 %.

Подрачјето Тригонометрија, во кое кандидатите имаат најниски резултати е застапено со 2 задачи од кои едната е со повеќечлен избор и ја мери способноста С1, а другата е со постапка за решавање и ја мери способноста С4. Задачата со повеќечлен избор не им претставува потешкотија на учениците (процентот на решеност е над 90 %), додека пак процентот на решеност на задачата со постапка на решавање е драстично помал (само 57 %).

Подрачјето Геометрија во тестот е застапено со 10 задачи кои носат 20 бода. Пет задачи се со повеќечлен избор, две со краток одговор и три со постапка за решавање. Од петте задачи со повеќечлен избор по две се од способностите С1 и С2, а една од С3. Задачите со краток одговор се од способностите С1 и С2, а со постапка на решавање има по една задача од способностите С2, С3 и С4. Процентот на решеност поединечно на задачите со повеќечлен избор се движи од 82 % до 92 %, а процентот на решеност на задачите со краток одговор е 70 %. Процентот на решеност на задачите од отворен вид се движи од 82 % на задачата која ја мери способноста С2, па се намалува за околу 20 процентни поени соодветно како се зголемуваат способностите до С4.

Табела 30: Просечни постигања на учениците по категории и подрачја

| **Категорија** | | **Просечен процент на решеност на тестот** | **Број на кандидати** | **Просечен процент на решеност** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Математичка логика и множества | Реални и комплекс ни броеви | Алгеб-ра | Геоме-трија | Тригоно-метрија |
| Пол | женски | 71,87 | 655 | 84,76 | 68,02 | 65,58 | 73,49 | 69,16 |
| | машки | 65,65 | 687 | 78,75 | 62,40 | 62,48 | 67,58 | 59,62 |
| Наставен јазик | маке-донски | 68,96 | 1256 | 81,93 | 66,75 | 65,55 | 71,15 | 63,71 |
| | албан-ски | 76,82 | 66 | 77,53 | 93,94 | 72,47 | 81,44 | 75,15 |
| | турски | 56,58 | 20 | 80,00 | 75,83 | 44,58 | 56,25 | 64,00 |
| Вид образова-ние | гимна-зиско | 73,30 | 1053 | 86,06 | 68,71 | 70,78 | 74,61 | 70,33 |
| | стручно | 51,55 | 289 | 65,74 | 52,13 | 46,61 | 55,36 | 42,21 |

Скоро е идеална поделбата на бројот на кандидатите кои имаат избрано екстерно да го полагаат предметот Математика. Вкупните просечни постигања на момчињата се пониски во однос на девојчињата, а и поединечно во секое од петте подрачја. Највисоки просечни постигања и девојчињата и момчињата имаат во подрачјето Математичка логика и множества. Постојат статистички значајни разлики во просечните постигањата на девојчињата и момчињата кои го полагале екстерно предметот Математика.

Многу мал број матуранти на албански и на турски наставен јазик имаа избрано екстерно да го полагаат предметот Математика, односно само околу 6 % од вкупниот број кандидати. Највисоки вкупни просечни постигања имаат учениците кои учат на албански наставен јазик, а најниски оние кои учат на турски наставен јазик.

Во преводот на тестот на албански наставен јазик во две задачи имаше грешка, по една од подрачјата Реални и комплексни броеви и Геометрија. Тие задачи беа изземени за кандидатите кои полагаа на албански наставен јазик и не учествуваат во анализата. Исто така имаше грешка и во преводот на турски наставен јазик во една задача од подрачјето Геометрија. И таа задача е изземена за овие кандидати и не учествува во анализата. Со оглед на сето погоре изнесено, како и бројот на кандидати на секој од трите наставни јазици кои избрале да го полагаат предметот Математика, споредбата помеѓу постигањата на кандидатите на различни јазици треба да се земе со резерва.

Од вкупниот број кандидати кои избрале да го полагаат екстерниот предмет Математика, само околу 20 % се од стручното образование. Нешто малку повеќе од половината од кандидатите од стручното образование кои го полагале екстерниот предмет Математика се од електротехничката струка, 20 % од економско-правната и трговската струка, 7% од здравствено-социјалната заштита и по 4 % од градежно-геодетската струка и од хемиско-технолошката струка и преостанатите. Останатите кандидати, околу 10 %, од стручното образование се од останатите струки. Нивните вкупни просечни постигања, како и поодделно од секое подрачје, се пониски споредено со оние на кандидатите од гимназиското образование. Ова е и за очекување иако испитната програма е правена како пресек на содржини кои се изучуваат и во гимназиското и во стручното образование, сепак во гимназиското образование предметот Математика се изучува 4 години, а во повеќето струки од стручното образование само 2 години. Постојат статистички значајни разлики во просечните постигањата на кандидатите од гимназиското и на оние на кандидатите од стручното образование.

**Филозофија**

Во јунскиот испитен рок на државната матура, предметот Филозофија го полагал само 1 (еден) кандидат.

Дваесет и шест задачи од вкупниот број испитни задачи се од затворен вид, три задачи се со поврзување, седумнаесет (со различен број барања) се од отворен вид. Сите барања се оценуваат со по еден бод за точен одговор. Тестот има вкупно 70 бода. Средната оценка изнесува 4,00.

**Естетика**

Во јунскиот испитен рок на државната матура предметот Естетика го полагале вкупно 79 кандидати. По спроведените процедури за оценување, за поставување праг на положеност и по обработката на добиените резултати добиени се показатели за постигањата на учениците.

Триесет прашања од вкупниот број се од затворен вид, една задача е со поврзување и дваесет и седум се од отворен вид. Сите барања се оценуваат со по еден поен за точен одговор. Според резултатите извлечени од анализата, во просек, учениците освоиле 48,94 од вкупно 58 поени, односно просечниот процент на решеност на тестот е 84,37, а средната оценка изнесува 4,58.

Табела 31: Процент на точни одговори на задачите во тестот

| Процент на точни одговори | 80 - 100 | 60 - 79 | 40 - 59 | 20 - 39 | 0 - 19 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Барања од затворен тип** | **21** | **5** | **2** | **1** | **1** |
| **Барања од отворен тип** | **7** | **5** | **1** | **/** | **/** |

Од прикажаната табела може да се согледа дека 21 прашање со точна решеност (меѓу 80 до 100 %) се од затворен вид, додека 19 се прашања од отворен вид со исто така висок процент на решеност. Во групата прашања со решеност 60 - 79 % вкупно се 10 прашања. Вкупно 3 прашања се со решеност 40 - 59 % и по 1 прашање со пониски вредности (едно прашање 20 - 39 %; едно прашање 0 - 19 %). Ваквите резултати го сместуваат тестот е во категоријата на лесни тестови. Тоа појасно може да се види и на хистограмот што следи.

*Графикон 8: Приказ на дистрибуцијата на вкупните резултати на бодовната скала од тестот*



Од хистограмот се гледа дека на испитот по Естетика најголемиот број бодови освени по кандидат е 56, а најголема акумулација на кандидати има со 48 бода. Исто така, може да се воочи и дека популацијата која го полагаше испитот (иако мала по број) е хомогена по знаење на предметот.

При анализата се забележаа прашања кои отскокнуваат со вредностите, како на пример има едно прашање одговорено од екстремно мал број кандидати, како и прашања со 100 % одговор.

## Заклучни согледувања и препораки

Во учебната 2023/2024 година државната матура се реализираше почитувајќи ги стандардизираните постапки во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во гимназиското, стручното и уметничкото образование. Принципите од Правилникот се почитуваа во сите фази почнувајќи од подготовката на испитниот материјал, дистрибуцијата на материјалот, тестирањето, оценувањето и спроведувањето на приговорите.

Од реализацијата на државната матура во 2023/2024 година со изменет и дополнет Правилник за спроведување на испитите на денот на тестирањето, Државниот испитен центар генерално констатира дека обидите за недозволени дејствија се намалени, а и резултатите на сите испити се пониски во однос на претходните испитни години. Согледувањата кои произлегуваат од спроведената државна матура наметнуваат потреба од промена на улогата на тестаторите и набљудувачите на денот на испитот. Државниот испитен центар во соработка со МОН и другите институции треба да размислува да изнајде начин за зајакнување на одговорноста на тестаторите и набљудувачите.

Во насока на подобрување на реализацијата на државната матура, а со цел подигање на квалитетот на средното образование во нашата држава се препорачува:

- Да се зајакне одговорноста на набљудувачите и тестаторите со цел сите матуранти да имаат еднаков третман при полагањето на испитите од државната матура.
- Училишните матурски комисии да реализираат средби со идните матуранти со цел тие да бидат информирани за сите технички и содржински аспекти на екстерните испити. Правилната и навремената информираност ќе овозможи да се сведе на минимум можноста учениците да ги употребуваат мобилните телефони и други недозволени електронски уреди во текот на тестирањето, која во последните неколку години е особено во пораст.
- При изготвување нови наставни програми по предметите: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература или при ревидирање на постоечките наставни програми да се почитуваат барањата извлечени од *Компетенции за 21 век од ЕУ*. При изготвување на новите наставни програми треба да се внимава на постоење на заедничко јадро на содржини во сите наставни програми по мајчините јазици.
- Во наставата по предметите: Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература да се планираат и да се реализираат повеќе активности за: примена на јазикот со стандардизирани секојдневни јазични форми; повеќе вежби за примена на теоријата на литературата со самостојна структурна анализа на книжевни дела; читање со разбирање на

различни видови текстови од различни медиуми; пишување различни форми на писмено изразување.

- Во наставата по предметот Англиски јазик да се планираат и да се реализираат повеќе активности за пишувањето аргументиран есеј се покажа дека е предизвик за добар дел од матурантите од јунската сесија во 2024 година.
- Наставата по Естетика да се збогати со повеќе практични вежби на кои учениците ќе можат да прават анализа на различни естетички концепти, да прават критичка анализа на уметничко дело, да определуваат карактеристики на уметнички правци, да проценуваат естетска вредност на уметничко дело и сл.
- Наставниците по математика со кандидатите кои избрале да полагаат математика да го повторат материјалот согласно испитната програма со оглед на тоа што во испитната програма по математика материјалот од гимназиско образование е само од прва и втора година.
- Сите екстерните испити, како и оваа година, да се организираат и реализираат во големи простори (спортски сали, училишни холови и сл.) со цел овластените набљудувачи да имаат поголема контрола и увид во текот на тестирањето, но и да се добијат пообјективни резултати од тестирањата. Најдобро би било испитите да се реализираат во просторите на факултетите (амфитеатри, холови и сл.).
- Уште повеќе да се окрупни просторот (да се намалат бројот на локации) за полагање на испитите од државната матура со цел поголема изедначеност, односно доследност во спроведувањето на процедурите за постапување во текот на полагањето на испитите.
- Да се обезбеди алатка (како на пример „TURNITIN“) за докажување на неправилност од интернет-страници или од алатката „Chatgpt“.
- Кандидатите со освоени максимален број на бодови на екстерен испит автоматски да добијат 100 перцентили.
- Пресметката на перцентилите за малите странски јазици (германски јазик, француски јазик, руски јазик) да биде заедничка.
- Пресметката на перцентилите за мајчините јазици да биде заедничка.
- Да се воведе паричен надоместок за полагање на испитите од државната матура за кандидатите од приватните училишта, за кандидатите кои полагаат испит(и) повеќе од еднаш, како и за кандидатите кои задоцнето се пријавиле.